Павле Горановиќ

# Доаѓаат ангелите на рамнодушноста

– избрана поезија –

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА МОРФЕЈ

2009

Copyright © Павле Горановиќ и Блесок, 2009.
Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

објавувањето на оваа книга е помогнато од
**Министерството за култура на Република Македонија**

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
821.163.4-1

ГОРАНОВИЌ, Павле
Доаѓаат ангелите на рамнодушноста : избрана поезија ; авторски избор / Павле Горановиќ ; превод од црногорски Игор Исаковски. – Скопје : Блесок, 2009. – стр. 120 ; 17 см. (едиција Морфеј ; кн. 11)

Белешка за авторот: стр. 111. - Самотија, братството и ангелите на рамнодушноста / И. Исаковски, 113-115.

ISBN 978-9989-928-95-6 EAN 9789989928956
1. Горановиќ, Павле: авторски избор

COBISS.MK-ID 78580490

**Павле Горановиќ**

# ДОАЃААТ АНГЕЛИТЕ НА РАМНОДУШНОСТА
## – избрана поезија –
авторски избор

Превод од црногорски: Игор Исаковски

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2009

содржина


Како мирисаат книгите 9
Оправдание 11
Одмотување на текстот 16
Дарба за простор 17
Градови самарјански, невидливи 18
Прозорец наспроти денот 20
За заборавот 21
Инфинитиви 22
Огледалото на бродоломникот 23
На меѓународната линија Минхен – Солун 27
Загубени ракописи 29
Пишување 30
Молчење 32
Исчезнување 33
Крај на годината 35
Непознати лица 37
Трепети 38
Мојата возвишена загуба 40
Она кое сеќавањата го испишуваат 42
Ноќ во градот – поглед од собата 44
Далечни стихови 46
Додека чекам да патувам во Варшава 48
Градот кој исчезнува 50
Пат за Задар 52
Уште еднаш за поетите и нивните животи 54

Недела во Љубљана 56
Обични места, свети места 58
Разговор со пријателот 60
Заминуваш... 64
Мали смртни нешта 66
Уште едно големо раскревање 68
Есен 2007 71
Секое будење 74
Од дневникот 76
Хорови на обичната смрт 77
Излегување во самрак 78
Космичка верзија 79
Мојата земја 80
Можен распоред на стиховите 81
Материјал за следниот ден 82
Лузна 83
Симулација на соучесник 84
Сабатовата фотографија 85
Привиди на Медитеранот 86
Via sacra 88
Последниот сонет за Лаура 89
Сараевски сонет 90
Живот после молчењето 91
Алхемија 92
Доживување на собата 94
Имиња на копнежот, женско име 95
Изложба во Подгорица 96

Мит за мигот 98
Извадок од пустинската повест 99
Молчење 100
Изградба на писмото 101
Вртоглавицата на Серен Кјеркегор 102
Регина Олсен 108

белешка за авторот 111

Самотијата, братството, и ангелите на рамнодушноста 113

## Како мирисаат книгите

За секоја книга има по еден мирис,
мирис кој се изедначува со значењето.
Или со првото доживување на таа книга.
Како тогаш мирисаат книгите –
на правливите полици,
во заборавените домашни библиотеки,
непрофитните книжарници на главниот град?
Како мирисаат книгите на нобеловците?

Книгите на старите мајстори мирисаат на пергаменти,
на оние страници кои исчезнале – можеби и
ги нема кога ќе ги отвориме бледите корици.
Нивните книги се сведени на жолти листови.
Книгите на скрибоманите мирисаат на маките
на печатарските
работници. На работничките универзитети – книгите
немаат мириси, обично се црвени и недопрени.

Како мирисаат книгите на моите пријатели?
Како мирисаат светските бестселери, готвачите,
прирачниците, упатствата за подобра концентрација?
(Не ги сакам книгите во кои се чувствува чад:
тука веќе се измешани пороците.) Како мирисаат
светите книги, на сите јазици на светот?

Како мирисаат на изумрените јазици?
Книгите на паганите се свртени кон сонцето,
затоа ги губат својствата кога ќе им се доближиме.

Ниеден мирис не е безопасен.
Сопственоста на книгољупците не потсетува
на ниеден мирис,
на ниедна книга, впрочем.
Напуштените книги во канцеларииите
мирисаат на стари сликарски платна.

Најчудесно мирисаат книгите во
аргентинската Национална библиотека,
и тоа оние набавени после 1955 година.
Не знам како мирисаат книгите
на затворениците, веројатно на влажни ѕидови
и минато. Како мирисаат собраните дела на класиците?
Како мирисаат книгите кои му се вратени
на Кнут Хамсун? Неговите книги како мирисаат?

Го чувам мирисот на *една* книга,
скапоцен како знаењето на германскиот јазик.

## Оправдание

*Почнувам да се запознавам себе. Не постојам.*
*Јас сум растојание помеѓу она кое сакам да бидам*
*и она кое другите го направиле од мене,*
*или половина од тоа растојание, зашто тука и живот има...*
*Впрочем, тоа сум јас...*
Песоа

I

Чекорам. Ни неколку ноќва заборавени
стихови сигурно не би го сменилe
поредокот. Сепак, вреди да се сочува
невообичаеното говорење и да се сврти светот
кон себе. Морам да погледнам наназад,
за да му се обратам на времето, поранешните
чекори со тага да ги избришам. Морам да заборавам
на пустиот очај, да го завршам раздобјето на смртта
во минатото. На самиот почеток најдобро е
да се ослободам од секојдневните копнежи,
да забележам колку е убеден compadrito
во исправноста на жестината од своето нагло движење.
Затоа е вистински миг да им ги препуштам
утрата на своите непријатели. Како се тогаш
патеките на одгатнувањето посипани со сѐ уште
непоништените
стравови, како суштината да е во продолжен сон.

Колку е болен привремениот одговор, и колку е
сурово разумно молчењето да се избере за цел.
Како ли се обесчестени траговите, кога
историите си поиграле со судбината на зборовите!

## II

И понатаму безуспешно трагам по шифра,
која би ми овозможила одрекнување од навиките.
Затоа често се обидувам да мислам на мигот
кога ранетата ѕверка би можела да замолчи.
Не долго потоа, им се враќам на просторите на тишината,
каде навистина и започнува мојот пркос кон статистиката.
Ова е, сигурно, последното октомвриско утро,
Летото Господово 1995 во кое сум пишувал
стихови. Добро е понекогаш да се прекинат
набљудувањата
на космичките хоризонти, полека да се напуштат
случувањата
во дневниот екстериер. Од сите страни
ме опкружуваат проѕирни ѕидови и ми се чини
можам да ги сетам мирисите на замрачените одаи.
Ете, веќе долго време копнеам по оние
бестрасни будења, кога останувам нем
кон надворешното. Се сетив на еден свој сон
(веројатно поради постојаното спомнување на ноќта)
во кој видов како треба да изгледаат
моите стихови. Беа тоа редови сјајно избрани
страници за исчезнувањето на еден човек.
Ова што го пишувам – само се описи на таквата смрт,
а зборовите кои со мака ги наоѓам
одеци на вината и, се плашам, ништо повеќе.

III

Отсекогаш ме мачеле будењата. Со зорите
некако доаѓаше и до мојата средба
со оживувањето на кошмарот: признавам
дека несмасно ја искажував својата наклонетост
кон областите на примракот. Почувствував дека
сево ова време сум бил во заблуда дека ја разбирам
вистинската цел на кошмарот. Но, по повеќе повторени
сцени, одлучив да ги следам упатствата
од тешкиот сон. Така се подготвив за патување,
за – како обичен учесник во денот – да минам по
непрегледните патишта. Моите движења беа
бавни и неволни – баш како што е зацртано
во прикажаните кошмари. Понекогаш, студените
ветрови допираа до кожата; но, јас го продолжував
неизвесниот пат, можеби чекајќи каков било знак,
или, да речеме, крај. Сретнував луѓе, на чии лица
сега не можам да се сетам. Слушав совети, понекогаш,
навистина, и корисни. Не ме издаде трпението
ни кога ги отворив очите и видов дека само
ја потхранувам својата самотија. Барем до следната
ноќ, до некој следен кошмар.

## IV

Веќе одамна ги подготвувам состојките за сопствената
кукута. Не се одрекувам од ниеден детаљ;
не се откажувам – иако е тешко да се навикнеш
на монотонијата на говорот. Така секој фрагмент има
своја улога и им одговара на различни временски рамки.
Веќе одамна уживам во секое делче
на подготвениот отров. До душа, многумина сакаат
тој чин да го наречат пишување поезија.
Некои префрлуваат дека слушнале веќе познати зборови.
Но, јас продолжував да ја наслушнувам тишината,
за да се уверам дека пак се цитирани мртви поети.
Се покажа, конечно, дека нема никаков потоп,
дека останале затворени книгите со слики,
каде слепите луѓе ја тражат смислата
на постоењето на огледалата.
Единствено што сакам е да го смалам воодушевувањето,
при зачестените погледи во дното на испиените пехари.
И тоа затоа што секој поглед е упатен во конечниот
допир на светот. Велат дека самураите пред сепукуто
оставале проштални песни. Токму сега,
додека се повлекува денот, размислувам за тоа
дека секоја песна, всушност, е песна пред смрт,
дека секој обид за толкување на огледалата е – сепуку.

## Одмотување на текстот

Ја немам славата на Агатон!
Не пишувам поради бегство,
туку заради помирување со светот.
Секоја буква
обично скапо ја плаќав.
Но, вешто ги наредив
ситниците од кои живеам:
редот почнува од просторијата со книги.

Ја позајмив од алхемичарите
употребата на зборот melancholia,
за да ја почнам потрагата
по сеприсутното.
Навистина, тој црн пелин би морал
да биде ставен некаде на почетокот.

Присуствуваме, значи, на одмотувањето на текстот.

Останува ЧИТАЊЕТО,
ретката можност за опстојување.

## Дарба за простор

Роден си
кога се разминуваа
преплашените годишни времиња.
Беше тоа во време кое ветуваше
само непрегледен сомнеж.
Сам ги испишуваше страниците
кои на почетокот
можеби и личеа на вистина,
до душа со нешто понагласени
мотиви на очај.
Доцнеа твоите идеи
заедно со потрагата по сопствената моќ.
Понекогаш дури помислуваше
дека тој несклад може да се премости
со човечки разум
кој често, најчесто во понеделник наутро,
го изедначуваше со ништожноста на обичниот ден.

Беше двапати
во исто време,
на други места.
Без прашање, без точка.

## Градови самарјански, невидливи

Понекогаш
станувам со едноставна намера –
само да почувствувам некоја чиста, човечка атмосфера.
Кога и тоа да го посакам,
однекаде слушам –
некој меѓу нас изградил
градови самарјански.
До крајот на денот, останувам недоречен.
Овде и дождовите
одамна престанаа да бидат безопасни.
Страдањето е пред секоја можност за преобразба.
Од очајот енергија.
Под времето се битија и појави,
немир по нашиот пат се истура.
Овде сѐ станува натпризорно.
Вон себе е и песната
испеана во допир со затворената слика на стварноста.
Еден вообичаено превземен ден на земјата.

И не помислува оваа безнадежност од фигури
колку поттикнува на песна
втемелена врз смртна сомилост.
На крајот на денот
неискрено насетувам –

некој ги спомна градовите самарјански.
И вината на себеси доживеаниот.

## Прозорец наспроти денот

Веќе со часови
на празните ѕидови се обидувам
да им доделам боја.
Ме радува мојата залудна работа
зашто ни ѕидовите немаат идеја.
Зашто единствено некоја слика од песок трае
во својата простотија.

Сакам да паднам во заборав,
сега додека сум во просторот
каде мирно можам да склопувам ликови и предмети,
достојни за замислената стварност.

Сам одлучуваш за формата и стилот.
Самиот себеси се правдаш.
Самиот себе се лажеш.
Самиот исчезнуваш.
Во себе.
Во заборав.